Институт за човекови права

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018

Скопје, 2019

# Содржина

**ВОВЕД** ........ **3**

**СТРАТЕШКИ НАСОКИ** ........ **4**

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2018 ГОДИНА** ........ **5**

**СУМАРЕН ПРИКАЗ** ........ **12**

**ИЗВЕШТАИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ИЧП** ........ **13**

# ВОВЕД

Институтот за човекови права (ИЧП) е здружение на граѓани основано на 01.06.2009 година.

**МИСИЈАТА** на Институтот за човекови права е обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи преку истражување, анализа, едукација и други начини на дејствување.

Нашата **ВИЗИЈА** е дека Институтот за човекови права е кредибилен и препознатлив чинител во дејствување во насока на целосно обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи.

**УНИКАТНОСТА** на Институтот за човекови права е тоа што тој претставува симбиоза на знаење и искуство во областа на човековите права и слободи и ентузијазам во спроведување на визијата и мисијата.

Визијата, мисијата и уникатноста се објавени на веб страницата на ИЧП, а исто така објавени се и вредностите во работењето од кои се води и тоа: еднаквост, толерантност, транспарентност и отчетност, инклузивност, професионалност, демократски дијалог и управување.

# СТРАТЕШКИ НАСОКИ

Институтот за човекови права спроведените активности во 2018 година ги реализираше водејќи се од стратешки приоритети и цели на ИЧП за 2016-2020 кои се исто така објавени на веб страницата на ИЧП, а тоа се:

1. Правосудство и човекови права
    - Зајакнување на довербата во правосудството
2. Правна сигурност
    - Зајакнување на правната сигурност
3. Намалување на повредите на човековите права и слободи од Европската конвенција за човекови права
    - Унапредување на заштитата на човековите права и слободи од Европската конвенција за човекови права
4. Слобода на изразување и здружување
    - Унапредување на слободата на изразување и здружување
5. Еднаквост и недискриминација
    - Еднаков третман за граѓаните на РМ - унапредување на еднаквоста, спречување и заштита од дискриминација
6. Уставниот суд гарант за заштитата на човековите права
    - Зајакната заштита на човековите права пред Уставниот суд на РМ
7. Борба против корупција
    - Придонес кон намалување на корупцијата во јавниот сектор
8. Право на здрава животна средина
    - Унапредување на правото на здрава животна средина
9. Институционален и организациски развој на Институтот за човекови права
    - Зајакнување на капацитетите, инвестиција и развој на човечкиот потенцијал на Институтот за човекови права

Во текот на 2019 година ИЧП ќе ги ажурира своите стратешки приоритети и цели согласно развојниот процес на Институтот, а имајќи ги предвид и промените во општеството кои треба да ги следиме.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2018 ГОДИНА

## 1. Проектни активности:

Институтот за човекови права (ИЧП) во текот на 2018 година реализираше многубројни и разновидни проектни активности кои што заради поголема прегледност и разбирливост би можеле да ги поделиме во три вида и тоа:

- проектни активности во рамките на проекти што започнаа да се спроведуваат во 2016 или 2017 година, а продолжија со проектни активности и во текот на 2018 година;

- проектни активности во рамките на проекти што се спроведуваа само во 2018 година; и

- проектни активности во рамките на проекти кои што започнаа да се спроведуваат од 2018 година, а кои што имаат предвидено активности и за 2019 година.

**1.1. Проектни активности во рамките на проекти што започнаа да се спроведуваат во 2016 или 2017 година, а продолжија со проектни активности и во текот на 2018 година:**

**А)** ***„Зголемен јавен надзор над работењето на Судскиот совет на Република Македонија“*** (1.9.2016-31.3.2018) (со кликање на линкот од името на проектот може да ги видите сите продукти)
Овој проект е финансиран од Британската Амбасада во Скопје и **има за цел** да ја запознае пошироката јавност со работата на Судскиот совет на Р.М. и да ја зголеми транспатентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет на Р.М. врз основа на аргументи преку информирање на јавноста.
**Во текот на 2018 година ИЧП ги спроведе следните активности во рамките на овој проект:**
со свој претставник присуствуваше на сите седници на Судскиот совет кои беа отворени за јавноста;
изготви Мониторинг извештај за работата на Судскиот совет за период од декември 2017 до март 2018 година;
организираше завршна конференција и јавна дебата по однос на наодите од извештајот заедно со експертите од ИЧП и донаторот;
изготви три кратки анимирани видеа за работењето на Судскиот совет во периодот декмври 2017 – март 2018 година;
изготви инфографици за работењето на Судскиот совет во овој период;
изготви документ за јавни политики со наслов: „*Депрофесионализација на Судскиот совет – придобивки и можни ризици*“ кој содржи заклучоци и препораки.

**Б)** ***„Институционален грант“*** (1.4.2016-31.3.2018)
Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за организациско јакнење на граѓанските организации, а особено за подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа.

**Во рамките на Институтционалниот грант ИЧП во 2018 година ги доврши успешно активностите кои ги спроведуваше во текот на 2017 година:**

- ИЧП го објави 17-тото издание на електронското стручно списание „Правен дијалог“ со 9 статии на актуелни правни теми од различни автори кои се особено поврзани со заштитата на човековите права, а целта на ИЧП да продолжи објавувањето на изданијата и по завршувањето на Институционалната поддршка;
- одржа една седница на Управен одбор и Советодавен одбор на кој го усвои Акцискиот план за 2019 година;
- зема сѐ поактивно учество во голем број емисии, дебати, информативни програми и други медиумски простори, не само преку претседателот на ИЧП туку и преку Извршниот директор, а понекогаш и од другите членови на Управниот одбор;
- присуствуваше на сите консултативни средби на покана на државните органи и тоа во процесот на подготовка на подготовока на стратешки документи и предлози за измена на законски прописи.
- едена вработена во ИЧП по завршување на проектот на кој беше координаторка се пресели во странство со цел за академско надградување, а за нејзина замена ИЧП објави оглас, спроведе интервјуа и избра нов колега;
- спроведе надворешна независна ревизија на работењето на ИЧП од страна на овластен ревизор.

**В)** ***„Измени за правен систем без дискриминација“*** (1.5.2016-1.3.2018)

Двајца од извршната канцеларија, Извршниот директор заедно со уште една вработена во стручната служба на ИЧП, ја спроведоа законодавната иницијатива „*Измени за правен систем БЕЗ дискриминација*“ во рамки на проектот „Граѓаните во Собранието“ имплементиран од страна на Вестминстер Фондација и Високата Школа на новинарство. Откако беше спроведено истражување, беше изготвен и објавен документ за јавни политики со речник поблизок за општата јавност, во текот на 2017 година беа спроведени активности за лобирање и застапување со цел носење на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација, а тие активност значително се зајакнаа и продолжија во текот на 2018 година кога Предлог-Законот беше доставен до Собранието на Република Македонија:

состаноци со пратеници, носители на јавни политики и непосредно презентирање на потребата од законски измени;

учество на консултатитвните средби во рамки на работната група при Министерството за труд и социјална политика за финалзиирање на предлог-измените, како и учество на јавните дебати со сите засегнати страни.

присуство на ТВ емисии со цел презентирање на јавноста на предложените законски измени.

**Г)** ***„Заедничка акција за итни реформи во судството“*** (1.7.2017-30.6.2018

Овој проект чиј носите беше ИЧП, а го спроведе заедно со партнерите Македонско здружение на млади правници (МЗМП) и Институтот за европски политики (ЕПИ) финансиски беше поддржан од ФООМ и неговата општа цел е зајакнување на транспарентноста, отчетноста и професионалноста на органите на правосудството, а краткорочните (специфични) цели се: (1) зајакнување на структурниот мониторинг над реализацијата на Итните Реформски Приоритети (ИРП) во правосудството; и (2)

унапредување на јавната дебата за имплементирање на ИРП во правосудството преку граѓанско застапување. Главната подолгорочна корист на граѓаните и другите засегнати страни од општата цел како и од специфичните цели на оваа заедничка акција е олеснување на пристапот до независен, непристрасен и професионален суд. Сето тоа ќе ја намали корупцијата во јавниот сектор, ќе ја врати довербата во судството и воопшто ќе го подобри квалитетот на животот на сите граѓани приближувајќи ја државата кон побрзо членство во ЕУ. ИЧП во 2018 година ги продолжи активностите кои започнаа од 2017 година при што беа завршени и презентирани следниве активности:
презентиран беше Третиот мониторинг извештај за период јануари – март 2018 година,
изработени беа три кратки видеа за состојбите во правосудството и дисеминирани по социјалните мрежи,
изготвена беше финална „Анализа на спроведувањето на итните реформски приоритети во македонското правосудство“ и доставена до сите засегнати страни,
организирана беше завршна конференција и јавна дебата со сите засегнати страни на која се презентираа заклучоците и препораките содржани во анализата.

### 1.2. Проектни активности во рамките на проекти кои што се спроведуваат само во 2018 година

**А) „*Вечери на женски права*“** (19.2.2018-30.6.2018) (со кликање на линкот од името на проектот може да ги видите продуктите)
ИЧП го спроведе овој проект во соработка со UN Women и Град Скопје. Општа цел на проектот е подигнување на свеста за состојбата на женските права и потенцирање на важноста за борба за женски права и родова еднаквост. Специфични цели се:
1.Иницирање на дебата за родова еднаквост преку прикажување на позитивни примери од минатото кои се случувале во градот Скопје.
2. Прикажување на важноста на борбата за родова еднаквост преку документарен пристап.
3. Поттикнување на активизам кај младите од средните училишта за родовата еднаквост
ИЧП во текот на проектот ги спроведе следниве активности:
беше одбележан 8-ми Март со настан кој имаше широка посетеност,
беше изработен доkментиран филм „Еднакви“ и презентиран во Кинотека на Македонија заедно со најдобрите документирани филмови од Европа,
беше организирана дебата со успешни жени од македонското општество,
документарниот филм беше презентиран во средните училишта на Град Скопје, а се разви и дискусија меѓу средношколците за родовата рамноправност.

**Б) „*Практична примена на Пристапот заснован на човекови права*“** (1.7.2018-15.9.2018) (со кликање на линкот од името на проектот може да го видите изработениот Прирачник)
Овој акциски проект беше финансиран од страна на Цивика мобилитас - проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ). Носител на акцијата бепе ИЧП, а го спроведе во соработка со Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Коалиција сите за правично судење и Хелсиншкиот комитет за човекови права. Оваа акција го адресираше прашањето на незапознаеноста на граѓанските организации со Пристапот заснован на човекови права (HRBA) и непримената на овој

пристап при планирањето и спроведувањето на програмите и активностите и имаше за цел да се придонесе кон создавање на овозможувачка околина за зголемена примена на пристапот заснован на човекови права во граѓанскиот сектор како институција.
Во рамките на овој акциски грант во текот на 2018 година реализирани беа следните активности:
- консултации со претставници на донаторската заедница заради идентификување на ставовите и политиките на донаторите во однос на потребата од примена на Пристапот заснован н ачовекови права (HRBA) при програмирањето на донаторската помош за граѓанските организации во Македонија;
- изработка на Водич (Прирачник) за примена на пристапот заснован на човековите права (HRBA) кој ќе се користи во рамки на работењето на граѓанските организации кој се приспособи на македонскиот контекст;
- превод на Прирачникот на повеќе јазици - беше изработен на македонски и англиски јазик и е преведен на албански и ромски јазик;
- беше одржана една еднодневна пилот обука во рамките на Граѓанскиот форум на Цивика Мобилитас 2018година и на овој форму се дисеминираше Прирачникот до голем број на организации од сите 8 плански региони
Со реализирањето на горенаведените активности остварени беа следните резултати:
- поширока запознаеност со пристапот заснован на човекови права (HRBA) преку дисеминиран е-Прирачник на три јазика (македонски, албански и ромски);
- обезбедена основа за практична примена на пристапот заснован на човекови права преку партиципативно искористена надворешна експертиза (од и за граѓанскиот сектор);
- зајакнати капацитети на 20-30 граѓански организации со одржана пилот обука за HRBA, а во однос и на социјални права, работнички права и право на недискриминација (особено ЛГБТИ и правата на лицата со попреченост), правото на здрава животна средина и правото на изразување и слобода на медиуми.
- зголемена свест и внимание на донаторите насочено кон човековите права при воспоставување на критериумите во јавните повици.

**1.3. Проектни активности во рамките на проекти кои што започнаа да се спроведуваат од 2018 година, а кои што имаат предвидено активности и за 2019 година:**

**А) „*Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет*“** (15.6.2018-31.3.2020) (со кликање на линкот од името на проектот може да ги видите продуктите)

Проектот е финансиски поддржан од Британската амбасада и има за цел да го задоволи интересот на јавноста за поголема отчетност на Судскиот совет преку употреба на докази и зголемена комуникација со јавноста и истовремено да ја зголеми проактивната улога на Судскиот совет во однос на неговата ефективност и транспарентност.
Очекувани резултати од спроведувањето на проектот се:
- утврдување на главните пречки во однос на исполнување на целосна транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет, идентификувани преку деталнa анализа на внатрешните капацитети и структура, како и давање на препораки за подобрување дизајнирани и презентирани со детален Акционен план,
- политиките / практиките на Судскиот совет ги одразуваат препораките за подобрување

- развиени комуникациски производи за информирање и комуникација со јавноста во однос на работата на Судскиот совет.

До сега во 2018 година беа спроведени следните активности во рамките на овој проект: изготвен е Документ за јавни политика за работата на Судскиот совет со кој се утврдени надворешните пречки, во однос на воспоставена правна регулатива за непречено извршување на надлежностите на Судскиот совет и овозможување независност на судската од законодавната и извршната власт и од други надворешни влијанија, но утврдени се и внатрешните пречки при остварувањето на надлежностите;
препораките во однос на Законот за Судскиот совет и Законот за судови а кои се однесуваа на избор и разрешување на судии, избор на членови на Судски совет и нивна одговорност, утврдување на одговорност на судија и сл. беа прифатени и внесени во новите законски измени на Законот за Судски совет и Закон за судови.
заклучоците и препораките од Документот за јавни политики се внесени во Акцискиот план и програма за работа на Судскиот совет. Акцискиот план беше изработен со поддршка на Институтот за човекови права и надворешен експерт во рамките на овој проект. Акцискиот план и програмата за работа за прв пат се внесени како законска обврска и се објавени на веб страницата на Судскиот совет,
ИЧП ќе ја следи имплементацијата на Акцискиот план и програмата за работа,
Институтот за човекови права е присутен со свој претставник на секоја отворена седница на советот. Наодите од следењето се дел од квартални мониторинг извештаи,
Во рамките на проектот беа организирани две стручни дебати (една во Скопје и една во Штип) и прес конференции на кои беа промовирани мониторинг извештаите и беше дискутирано за новите законски измени.
Институтот за човекови права во соработка со надворешни експерти одржа работилница и изработи Водич за комуникација со јавност на Судскиот совет според нивните потреби.
Во текот на 2018 година изработени се кратки видеа и инфографици со цел запознавање на јавноста со работатата на Судскиот совет и за новите законски измени.

**Б) „*Заедно во борба против корупција*“** (1.1.2018-30.4.2021) (со кликање на линкот од името на проектот може да ги видите продуктите)
Во јануари 2018 година ИЧП започна со имплементација на проектот “*Заедно во борба против корупција*”, во соработка со Центарот за истражувачко новинарство СКУП (како носител на проектот) и МЕДИУМ Гостивар.
Основна цел на проектот е да придонесе за подршка и подобрување на капацитетите на граѓанскиот сектор за остварување на нивната улога на “*watchdogs*“ или контролор на работата на државните органи со цел законито и транспатрентно извршување на функцијата и за спречување на ризиците од корупција и злоупотреба на службената должност. Специфични цели на проектот се: (1) да се зголеми влијанието на новинарите, локалните здруженија на граѓани и медиумите во борбата против корупцијата, со посебен фокус на претставниците на етничките малцинства и на жените, (2) оваа цел е насочена кон континуирано следење на работата на Државното правобранителство во заштитата на државните средства и интереси, особено во административни и парнични постапки; (3) да се подигне свеста за проблемите со корупцијата преку лесно достапни медиуми;
Главните активности на Институтот за човекови права во рамките на овој проект се однесуваат на следење на работата на Државното правобранителство.

со овој проект оваа институција за прв пат е мониторирана од некоја граѓанска организација. Потребата за овој мониторинг произлезе од фактот што и покрај важната улога, за активностите на овој орган малку се знае во јавноста. Активностите и работата на Државното правобранителство се речиси невидливи и малку препознаени, пред сè поради непостоењето на проактивната транспарентност на овој орган. ИЧП го следи работењето од аспект на транспарентност, отчетност и ефективност. Во текот на 2018 година ИЧП присуствуваше на повеќе од 30 рочишта на кои една од странкте е застапувана од Државното правобранителство и во декември 2018 година го објави Првиот мониторинг извештај за работата на Државното правобранителство врз основа на претходно утврдена методологија за следење на нивната работа. Извештајот беше презентиран на прес-конференција истиот месец. Утврдените слабости и правните празнини, врз основа на овие наоди, ќе претставуваат основа за предлог-мерките за нивно надминување, а ИЧП продолжува со мониторингот и во текот на 2019 година.
во текот на 2018 година тимот на ИЧП одржа два состонока со претставници на Државното правобранителство и го претстави проектот со цел воспоставување на соработка во насока на подобрување на транспарентноста, отетноста и ефективноста на работењето на овој орган. На првиот состанок во текот на летото 2018 година, проектот не беше најдобро прифатен од тогашниот ВД Државен правобранител со истакнување на нивното законско и транспарентно работење кое нема потреба да биде мониторирано. Сепак, на поголемо разбирање тимот на ИЧП наиде во текот на вториот и третиот состанок кои беа одржани со ново именуваниот Државен правобранител кој стапи на функцијата од август 2018 година. Оттогаш, соработката е зајакната.

**В) „*Проект за развој на микро претпријатија за жени во прекугранична област*“** (1.4.2018-30.9.2020) (со кликање на линкот од името на проектот може да ги видите продуктите)
Проектот го спроведува ИЧП во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП) како носител на проектот, Фондација „Егалите“ од Камењане и Центарот за компаративни и меѓународни студии од Тирана и во фокус се жените претприемачи од западна Македонија и источна Албанија.
Проектот за развој на микропретпријатија за жени во прекугранична област ќе помогне во основање и развој на микро-претпријатија на жени помеѓу регионот Полог и Елбасан. Проектот има за цел да ја зголеми конкуретноста на микро-претпријатијата во сопственост на жени, како и да го поттикне и зајакне женското претприемништво. Истиот има за задача да ги утврди потешкотиите со кои се соочуваат жените во работењето со својот бизнис и да понуди одржливи решенија за развој на микро-претпријатија во сопственост на жените во споменатите региони.
Институтот за човекови права во рамки на Проектот воспостави и води Сервис за правна и економска поддршка. Сервисот е наменет за микропретпријатија во сопственост на жени во прекуграничната област со фокус на регионите Полог и Елбасан. Услугите се достапни за веќе регистрирани претпријатија, но и за сите жени кои сакаат да започнат и да основаат свој бизнис. Советите се однесуваат на различни правни и економски прашања и дилеми поврзани со основањето и работењето, како што се плаќањето даноци и такси, наплата, инспекциски надзор и контрола, договори, царини, соработка итн. Сервисот е фокусиран на организирање на работилници на различни правно-економски теми од интерес на жените претприемачи и нивните компании. Главната цел е информирање за законските права и

обврски во деловното работење и обезбедување на континуирана поддршка за корисниците на овој проект преку правни совети кои ќе ја зголемат нивната правна сигурност и ќе го подобрат нивното работење.
Трагет група - Сервисот е достапен за двете групи на жени: жени потенцијални претприемачи, како и жени кои поседуваат или управуваат со постоечки компании, со максимална покриеност од 100 жени, по 50 од двете страни на границата. Овие 100 корисници покриваат 50 микро-претпријатија кои се во сопственост на жени, како и 50 потенцијални претприемачи во двата региони. Сервисот за правна и економска поддршка е воспоставен на редовна основа и обединува вкупно 12 правно-економски работилници и тоа по 6 на двете страни од границата, организирани во 6 модули на различни теми и тоа:

- Женски права, родова еднаквост, постапка за започнување на бизнис-и проширување на бизнисот и видови на бизнис: трговски друштва,, задруги, трговија, угостителство, земјоделска дејност,
- Даноци-видови, постапка, права и обврски и царини
- Инспекциски органи и контроли
- Работни односи, здравствено и социјално осигурување,
- Финансиска подршка и субвенции, јавни набавки
- Спречување на корупција, начини, пријавување,
- Размена на информации,,добри практики, заклучоци, препораки за измена и дополнуваљ ена легислативата,
- Финансии, финансово право и финансиска поддршка

Во текот на 2018 година се реализираа следните активности од страна на ИЧП:
Одржана една работилница на македонска страна, поврзана со првиот модул, во кој вкупно беа покриени 6 теми, за таа цел е изработен соодветен материјал кој служи како прирачник за водење на работилниците. Во рамки на работилница беа опфатени 23 учеснички (македонки), кои врз основа на формуларите за евалуација високо ги оценија советите добиени од предавачите и корисноста од работилниците. Дополнително во делот на правните советувања беа поделени 2 правни совети.
Беше остварена една средба за привлекување на потенцијални жени учеснички заедно со Градоначалникот на Општина Гостивар на која беа објаснети придобивките и можностите од проектот.

**2. Дополнителни вонпроектни активности на ИЧП во текот на 2018 година:**
**А) „Прв странски волонтер во ИЧП“** (1.6.2018-31.08.2018)
Во текот на летото 2018 година, за временски период од три месеца, студент на Универзитетот во Мичиген, државјанин на САД, беше првиот странски волонтер во ИЧП. Тој покрај асистирање во работата на вработените во извршната канцеларија, изготви и неколку релевантни документа за работењето на ИЧП и тоа:
- комуникациски план и план за видливост на ИЧП во кој е содржано и истражување за видливоста на соработниците,
- истражување на тема „Заштита од дискриминација на работно место на малцинските работници во Македонија, со фокус на малцинските работници во бизнис секторот во Скопје
- волонтерот беше и ко-автор на поднесокот на ИЧП за Универзалниот периодичен преглед за Република Македонија на тема „Дискриминација и злоупотреби при

вработување и остварување на правата за вработување кај младите луѓе, вклучувајќи волонтерство и стажирање

**Б) „Одржан беше #WikiGap edit-a-thon“** (20.06.2018)

Wikigap е всушност глобална шведска иницијатива со идеја за премостување на родовите разлики и родови нееднаквости кои опстојуваат во онлајн светот, која до сега генерираше околу 3000 нови или проширени биографии на жени на Википедија. Повеќе од 1600 учесници во 50 земји до сега беа инволвирани во пишување статии за жени на повеќе од 30 јазици.

Edit-a-thons се настани на коишто онлајн заедниците, од типот на Википедија и др. Уредуваат содржини или подобруваат специфични теми или содржини.
На овој #WikiGap edit-a-thon беа подобрувани теми и содржини кои се во функција на унапредување на родовата еднаквост и застапеноста на жените во онлајн светот.
Идејата беше да се профилираат жени од Македонија кои направиле значајна промена во различни полиња на општественото живеење (уметност, наука, бизнис, борки за женски, социјални, општествени права...), посебно жени за кои не може да се најдат податоци така лесно. Период кој е во фокус е од втората половина на 19ти век, до првата половина на 20ти век, но оставаме и поширока временска рамка да се вклучат содржини – за истакнати жени или настани, кои не се видливи во онлајн просторот.

Статиите беа на македонски јазик и може да бидат од два типа:
- статии за жени за кои нема статија на Википедија (или е многу оскудна), чија содржина ќе биде искреирана врз база на стручна литература и сигурни и веродостојни извори;
- преводи на веќе постоечки статии за жени на Википедија од англиски (или друг јазик) на македонски јазик.

**В) Јавно доставени сугестии за измени на законската регулатива** (во текот на 2018 година)

ИЧП јавно доставуваше сугестии и предлози за подобрување на законската регулатива и тоа особено за подобрување на следниве закони:
Закон за Судскиот совет;
Закон за судовите;
Закон за спречување и заштита од дискриминација;
Законот за вработување на инвалидни лица;
Закон за Академија на судии и јавните обвинители.
ИЧП учествуваше со свои претставници и во работните групи за подготовка на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Закон за Судски совет и Закон за судови.
Г) Институтот за човекови права е дел на неформалната мрежа на организации Блупринт која учествува со свои претставници и во Советот за реформи во правосудството.

## СУМАРЕН ПРИКАЗ

Сите погоре наведени проектни активности, како и продуктите добиени од нив (публикации, видеа, обуки и сл.) се објавени на веб страницата на ИЧП. Исто така се објавени и буџетите на сите реализирани проекти од страна на ИЧП.

Исто така,  преставници на ИЧП учествувале на преку 140 јавни настани од кои околу 30 биле во органзација или коорганизација на ИЧП, како и на преку 90 состанока неопходни за реализирање на тековните активности и дополнително сите активности на ИЧП имаат значително зголемен број на јавни објави (во сите видови медиуми);

Покрај на претходно наведените настани и состаноци, ИЧП со најмалку еден претставник присуствуваше на сите јавни седници на органите чие работење го набљудува (преку 30 седници на органите и тоа пред сè на Судскиот совет, Советот на јавни обвинители и сл.).

## ИЗВЕШТАИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ИЧП

Согласно позитивните законски прописи во Македонија по изготвувањето на завршната сметка и по спроведувањето на надворешна ревизија во текот на март 2019, изготвени се извештаите релевантни за финансиското и целокупното работење на ИЧП и тоа:

- Деловен извештај на ИЧП за 2018

- Финансиски извештај на ИЧП за 2018

Овие извештаи се објавени на веб страницата на ИЧП (видете линк).